ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ И ПРАВА НА РАБОТА

**Конвенција бр. 100**

# Конвенција за еднакво плаќање на мажите и жените работници за работа со еднаква вредност, 1951 г.

Генералната конференција на Меѓународната организација на трудот,

Свикана во Женева од страна на Управниот орган на Меѓународната канцеларија на трудот, се состана на својата триесет и четврта седница на 6 јуни 1951 година, и

Одлучи да усвои определени предлози во однос на принципите за еднакво плаќање на мажите и жените работници за работа со еднаква вредност, што претставува седма точка на дневниот ред на седницата, и

Утврдувајќи дека овие предлози треба да добијат форма на меѓународна конвенција,

на дваесет и деветти јуни, илјада деветстотини педесет и прва година, ја донесува следнава Конвенција, што може да се наведува како Конвенција за еднакво плаќање, 1951 г.:

Член 1

За целите на оваа конвенција...

(а) изразот ***плаќање*** ја опфаќа вообичаената, основната или минималната заработувачка или плата и какви било дополнителни приходи што му се исплаќаат на работникот директно или индиректно било во готово или во натура од страна на работодавачот, а произлегуваат од вработувањето на работникот;

(б) изразот ***еднакво плаќање на мажите и жените работници за работа од еднаква вредност*** се однесува на висината на плаќањата утврдени без дискриминација во однос на полот.

Член 2

1. Секоја членка мора, на начин соодветен на методите што се употребуваат за утврдување на износот на плаќање, да го промовира и, доколку е во склад со таквите методи, да го осигури применувањето на принципот на еднакво плаќање на мажите и жените работници за работа од еднаква вредност на сите работници.

2. Овој принцип може да се примени со помош на...

(а) национални закони или прописи;

(б) законски утврден или признаен механизам за одредување на платите;

(в) колективни договори меѓу работодавачите и работниците; или

(г) комбинација од овие различни начини.

Член 3

1. Ако со тоа се олеснува примената на одредбите од оваа Конвенција, мора да се преземат мерки за да се промовира објективна процена на работните места врз основа на работата што се извршува.

2. Методите што ќе се применуваат за оваа процена може да ги одредат властите одговорни за одредување на висината на плаќањата или, таму каде што висината на плаќањата се одредува со колективни договори, страните на колективните договори.

3. Различни висини на плаќање помеѓу работниците што одговараат, без разлика на полот, на разликите што се утврдени со тие објективни процени на работата што треба да се изврши, нема да се сметаат спротивни на принципот на еднакво плаќање на мажите и жените работници за работа од еднаква вредност.

Член 4

Секоја членка на соодветен начин ќе соработува со засегнатите организации на работодавачите и работниците со цел применување на одредбите од оваа Конвенција.

(Завршни одредби)